Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Роберт Арсовски од с. Инџиково, Гази Баба УП2 09-340/23 од 21 ноември 2023 година против недонесување на акт по поднесено Барање за надомест на штета од 3.800.000,00 денари до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

2. Известувањето за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-2630/1 од 6 декември 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Роберт Арсовски од с. Инџиково, Гази Баба до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-340/23 од 21 ноември 2023 година против недонесување на акт по поднесено Барање за надомест на штета од 3.800.000,00 денари до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, предизвикана од пожарот на неговата куќа, кој настанал како последица од развиена топлина настаната од куса врска на доводен кабел СКС (самоносив кабелски сноп) во таванот на куќата.

Според жалителот – на 28 јули 2023 година од страна на мајката на оштетениот бил забележан чад на кровот на неговата куќа при што доводниот кабел бил паднат на земја. На лице место е излезена противпожарна бригада која околу 18:00 часот го изгасила пожарот кој од кровот се проширил и во останатите делов од куќата на оштетениот. На лице место била дојдена и екипа на Електродистрибуција која го откачила доводниот кабел од столбот и го оставила во дворот. На 3 септември 2023 година по враќање на оштетениот од Германија, на лице место е дојдена и увидна екипа од МВР која извршила увид на лице место во опожарената куќа, влезната врата била запечатена од нивна страна и доводниот кабел бил земен во МВР на анализа, а од страна на Единицата за увид на место на настан и анализа при СВР Скопје било извршено фотографирање на опожарената куќа, при што е утврдена значителна штета на објектот, како и покуќнината на оштетениот.

Според Електродистрибуција – пожарот е настанат во внатрешноста на објектот од непознати причини.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 12 декември 2023 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-340/23 од 21 ноември 2023 година со прилог:

-Барање за надомест на штета од 31 август 2023 година

-Наод по Барање за вештачење од вешто лице Ненад Поповиќ

-Вешт наод и мислење од областа на материјално, финансиско и сметководствено работење ВНМ бр. 87-2023 од 22 септември 2023 година од Друштво за вештачење ПЕРИТУС ДОО Скопје со седиште на ул. Ване Марков 21, Скопје

-Потврда за настанат пожар од МВР – ЕВР Гази Баба

-Листа на оштетени работи при настанат пожар

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 7 декември 2023 година со прилог:

-Известување за одбивање на барање за надомест на штета бр. 03-2630/1 од 6 декември 2023 година

-Вешт на од и стручно мислење од областа електротехника во врска со настанат пожар во станбен објект, сопственост на жалителот, изработен од ГЕНИКО ДОО Прилеп од 29 август 2023 година

-Наод од страна на Оддел за право и осигурување при Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје

-Записник за отстранување на дефект

и на седницата беше заклучено Приговорот да се разгледува на наредната седница со физичко присуство на двете страни, при што на седница одржана на 15 декември 2023 година Приговорот повторно се разгледуваше и присутните ги изнесоа следните наводи.

Жалителот потенцираше дека видно од фотографиите и вештачењето јасно е дека пожарот не започнал од внатрешноста на куќата бидејќи ниту подовите ниту ѕидовите се оштетени од пожар, туку оштетени се од водата со која се гаснел пожарот, кој очигледно е започнат на кровот. Исто така, броилото не е оштетено, што укажува на истиот факт. Жалителот приложи слики со образложение за настанатиот пожар од кои е видно оштетувањето на внатрешноста на куќата и покуќнината, додека евентуалната штета на електричните апарати не можела да се процени во моментот на поднесување на барањето за обештетување бидејќи поради настанатиот пожар и интервенцијата за гаснење, во куќата немало напојување со електрична енергија.

Потенцира дека жалителот живее во странство, односно немало никој дома во моментот, што укажува на тоа дека пожарот не е започнат од внатре во куќата.

Се бара само материјална штета.

Претставниците од ЕВН прашаа кога е изграден објектот, дали е пред или по 2008 година, на што жалителот одговори дека објектот има ново броило.

Објектот е постар и приклучокот не е изведен од страна на Електродистрибуција. Според мрежните правила, потврдуваат дека кабелот кој изгорел е составен дел од надворешниот приклучок.

На седницата беше заклучено:

-Жалителот дополнително ќе достави спецификација за настанатата штета, градежно вештачење итн.

- Електродистрибуција да достави информација за тоа кога е издадено Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа.

На 26 декември 2023 година жалителот достави поднесок со потребните прилози, спецификации и вештачења.

На 15 јануари 2024 година Електродистрибуција информираше дека го издала Решението за согласност за приклучок на 29.05.2009 година откако било откриено дека е објектот нелегално приклучен на 30.04.2009 година. Во тој период сите непријавени броила кои биле пронајдени на лице место, биле легализирани.

На седница одржана на 20 февруари 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше и се заклучи следното.

Бидејќи Решението за согласност за приклучување е издадено од страна на Електродистрибуција во 2009 година, Електродистрибуција требало да има обезбедено соодветна гаранција дека приклучокот е соодветно изведен пред да го издаде горенаведеното решение.

Имајќи предвид дека СКС кабелот е изгорен помеѓу столбот и броилото кој воедно претставува надворешен приклучок, а согласно член 41 став 1 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22), надворешен приклучок е дел од приклучокот кој опфаќа водови, опрема и уреди од електродистрибутивната мрежа до местото на испорака на електрична енергија, односно броилото, во овој случај за сите дејствија настанати на надворешниот приклучок обврска е на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ги одржува и санира.

Имено, согласно член 41 од Мрежните правила, надворешен приклучок е дел од приклучокот кој опфаќа водови, опрема и уреди од дистрибутивната мрежа до местото на испорака на електричната енергија кое е дефинирано со Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа. Согласно член 42 од Мрежните правила, проектирањето, изведбата, надзорот и ставењето под напон на стандарден надворешен приклучок се врши во согласност со Законот за градење и овие Мрежни правила, при што стандардниот надворешен приклучок го проектира и изведува операторот на електродистрибутивниот систем (понатаму: ОДС). Наспроти ова, внатрешен приклучок е дел од приклучокот кој опфаќа водови, опрема и уреди од завршетокот на надворешниот приклучок до објектот кој се приклучува согласно член 41 од овие Мрежни правила и е во сопственост на корисникот на дистрибутивната мрежа, а согласно член 47 став (1) и член 48 став (2) од Мрежните правила.

Согласно член 93 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 236/22) ОДС е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот, а согласно став (3) точка 7) од истиот член, ОДС е докжен да го развива, надградува и одржува електродистрибутивниот систем со кој управува и да обезбеди долгорочна способност на системот за задоволување на оправданите барања за дистрибуција на електрична енергија.

Согласно член 197 став (3) од Законот за енергетика*, потрошувачите на енергија имаат право на надоместок на штетата настаната поради намалена испорака или прекин во испораката на енергијата од страна на операторот на соодветниот систем за пренос или дистрибуција, под услови и на начин утврдени во правилата за надоместок за штети што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика.

Согласно член 1 став (2) од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија („Службен весник на РСМ" бр. 140/23, 169/23) (во понатамошниот текст: Правила), операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем на производителот и на потрошувачот на електрична енергија приклучени на соодветниот систем, му ја надоместуваат штетата настаната поради намалена испорака како намален квалитет на испорачана електрична енергија утврден во мрежните правила или прекин во испораката на електрична енергија настанати по вина на операторот под услови и на начин утврдени во овие Правила.

Согласно член 12 од Правилата, барањето за надомест на штета се поднесува како:

1) барање за исплата на стандарден надоместок на штета или
2) барање за надоместок на штета настаната врз имотот на потрошувачот поради намалена испорака или прекин на испорака на лектрична енергија.

Согласно член 14 од Правилата, потрошувачот има право да поднесе барање до операторот за исплата на стандарден надоместок на штета во случај на ненајавен прекин во испораката на електрична енергија или во случај кога најавениот прекин ќе трае подолго отколку што е наведено во најавата за прекинот.

Согласно член 15 од Правилата, стандардниот надоместок на штета се определува како процент од вкупниот надоместок за користење на соодветниот систем што го платил потрошувачот во претходните 12 месеци на следниот начин: 10% за првите 6 часа по истекот на времето утврдено во членот 14 став (2) и 20% за секои следни започнати 24 часа по првите 6 часа, при што вкупниот стандарден надоместок на штета не може да го надмине износот од 50% од вкупниот надоместок за кристење на системот што го платил потрошувачот во последните 12 месеци пред моментот на настанување на штетата.

Членот 13 од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 140/23, 169/23) (во понатамошниот текст: Правила) гласи:

(1) Операторот нема обврска за плаќање на надоместокот за штета ако се утврди дека постојат основи за ослободување на операторот од одговорност на штета, односно ако штетата настанала поради:

1) прекин предизвикан од повратно влијание на уредите на потрошувачот врз соодветниот систем, или

2) дејствија на трети лица кои не се ангажирани од операторот, или

3) виша сила, односно настани и состојби утврдени во членот 7 став (1) од овие Правила, или настани и состојби утврдени во Договорот за приклучување и користење на мрежата, односно општите правила за користење на мрежата уредени во соодветните мрежни правила, а кои претставуваат основа за ослободување на операторот од одговорноста за штета, или

4) планиран прекин, а за тоа снабдувачот, односно потрошувачот:

- биле известени од страна на операторот на соодветниот систем на начин утврден со соодветните мрежни правила,

- биле известени за промената на терминот во кој ќе има прекин на начин утврден со соодветните мрежни правила, или

- терминот за планираниот прекин бил претходно усогласен со усогласен со потрошувачите на кои, согласно правилата за снабдување со електрична енергија и соодветните мрежни правила, не смее да им се прекине електричната енергија, или потрошувачите на кои електричната енергија им е неопходна за непречено одвивање на нивниот производствен процес.

Согласно член 30 став (2) алинеја 7 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06, 62/06, 35/08, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) основните судови со основна надлежност се надлежни да одлучуваат во прв степен по граѓански спорови за надоместок на штета која не надминува 50.000 евра во денарска противвредност, а согласно член 31 став (2) алинеја 1 од истиот закон, основните судови со проширена надлежност покрај надлежноста утврдена во членот 30 од овој закон за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат во граѓански и трговски работи за спорови во имотно-

правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е над 50.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд.

Оттука, имајќи го предвид горенаведеното во Законот за судовите, пропишаното во членот 197 од Законот за енергетика* и Правилата, фактот што општите правила за надомест на штета се подетално уредени во Законот за облигационите односи, како и износот на штета која корисникот ја побарува во висина од 3.800.000,00 денари, Регулаторната комисија за енергетика нема законска надлежност согласно Законот за енергетика* и подзаконските прописи донесени врз основа на истиот да одлучува по предметното барање и за предмениот износ и го упатува барателот да се обрати пред надлежен суд.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан и делумно го уважи.

Се упатува барателот да го оствари своето бараење за надомест на штета во парнична постапка пред надлежен суд согласно општите правила за надомест на штета.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе Управен спор во рок од 30 дена.

**УП2 бр.09–340/24**
**8 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**